## Народна банка на Република Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 31 август 2018 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај останатите финансиски институции[1,2] (ОФИ): втор квартал на 2018 година

- **Во второто тримесечје на 2018 година, вкупните средства на ОФИ изнесуваат 99.658 милиони денари.** Анализирано според структурата, најголемо учество од 63,5% имаат средствата на пензиските фондови, по што следуваат средствата на осигурителните друштва со учество од 22,3%.

- **Вкупните средства на ОФИ**, во вториот квартал на 2018 година се повисоки за 5,0% на квартална основа и 17,0% на годишна основа, што претставува забрзување на растот во споредба со претходниот квартал (за 1,9 п.п., и 1,2 п.п., соодветно). Притоа, најголем придонес кон кварталниот и годишниот раст имаат средствата на пензиските фондови.

Табела 1. Вкупни средства/обврски на ОФИ[3]

| | кв. 2 2017 | кв. 1 2018 | кв. 2 2018 | Квартални промени | | Годишни промени | | Структура (Вкупно ОФИ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.2 2018/Кв.1 2018 | | Кв.2 2018/Кв.2 2017 | | |
| | *Состојби, во милиони денари* | | | *милиони денари* | *%* | *милиони денари* | *%* | *%* |
| **1. Останати финансиски институции** | **85.197** | **94.896** | **99.658** | **4.762** | **5,02** | **14.461** | **16,97** | **100,00** |
| 1.1 Осигурителни друштва | 20.699 | 21.616 | 22.223 | 608 | 2,81 | 1.524 | 7,36 | 22,30 |
| 1.2 Пензиски фондови | 53.485 | 59.660 | 63.249 | 3.589 | 6,02 | 9.763 | 18,25 | 63,47 |
| 1.3 Инвестициски фондови | 5.016 | 5.868 | 6.103 | 234 | 4,00 | 1.087 | 21,68 | 6,12 |
| 1.4 Други ОФИ | 5.997 | 7.752 | 8.083 | 331 | 4,27 | 2.086 | 34,78 | 8,11 |

Извор: НБРМ.

---

[1] Во останатите финансиски институции се вклучени: инвестициските фондови, пензиските фондови, осигурителните друштва, друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг.

[2] Во август 2018 година е направена ревизија на податоците за кв.1 2018 година заради примена на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година. Клучни се две промени. Првата се однесува на промената на третманот на финансиските инструменти деноминирани во денари со валутна клаузула, коишто согласно со новата методологија од категоријата „денари“ се прераспределени во категоријата „странска валута“. Втората промена е во прикажувањето на исправката на вредноста на финансиските инструменти, која наместо во капиталот се прикажува во рамки на категоријата „останати обврски“. За повеќе информации види на следниот линк: http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf.

[3] За потребите на оваа соопштение, во категоријата „Други ОФИ“ се опфатени: друштвата за управување со инвестициските фондови и друштвата за управување со пензиските фондови, финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг(точка 1.4 од табелата).

- **Анализирано според инструменти,** на страната на средствата најзастапени се должничките и сопственичките хартии од вредност[4], со вкупно учество од 69,2%, додека на страна на обврските техничките резерви на осигурување[5] и капиталните сметки[6], со вкупно учество од 92,1%.

Табела 2. Средства/обврски на ОФИ, по потсектори и по финансиски инструменти, кв.2 2018

| | **Вкупно ОФИ** | | Пензиски фондови | | Осигурителни друштва | | Инвестициски фондови | | Други ОФИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **состојба (во мил. ден.)** | **учество (во %)** | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) | состојба (во мил. ден.) | учество (во %) |
| **Вкупни средства** | **99.658** | | **63.249** | | **22.223** | | **6.103** | | **8.083** | |
| Валути и депозити | 16.527 | **16,6** | 6.446 | 10,2 | 5.941 | 26,7 | 3.278 | 53,7 | 862 | 10,7 |
| Хартии од вредност различни од акции | 46.425 | **46,6** | 36.452 | 57,6 | 7.933 | 35,7 | 1.390 | 22,8 | 651 | 8,1 |
| Кредити | 5.488 | **5,5** | 0 | - | 171 | 0,8 | 29 | 0,5 | 5.288 | 65,4 |
| Акции и останат сопственички капитал | 22.490 | **22,6** | 20.213 | 32,0 | 828 | 3,7 | 1.397 | 22,9 | 52 | 0,6 |
| Техничи резерви на осигурување | 1.272 | **1,3** | 0 | - | 1.272 | 5,7 | 0 | - | 0 | - |
| Финансиски деривати | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - | 0 | - |
| Останати средства | 4.829 | **4,8** | 138 | 0,2 | 4.417 | 19,9 | 9 | 0,1 | 264 | 3,3 |
| Нефинансиски средства | 2.627 | **2,6** | 0 | - | 1.661 | 7,5 | 0 | - | 966 | 11,9 |
| **Вкупни обврски** | **99.658** | | **63.249** | | **22.223** | | **6.103** | | **8.083** | |
| Кредити | 4.094 | **4,1** | 0 | - | 90 | 0,4 | 5 | - | 3.998 | 49,5 |
| Техничи резерви на осигурување | 59.235 | **59,4** | 46.833 | 74,0 | 12.403 | 55,8 | 0 | - | 0 | - |
| Останати обврски | 3.717 | **3,7** | 288 | 0,5 | 2.119 | 9,5 | 49 | 0,8 | 1.261 | 15,6 |
| Капитални сметки | 32.612 | **32,7** | 16.128 | 25,5 | 7.612 | 34,3 | 6.048 | 99,1 | 2.824 | 34,9 |

Извор: НБРМ.

- **Анализирано според инструменти,** на страната на средствата, растот на квартална и годишна основа главно се должи на должничките и сопственичките хартии од вредност и валутите и депозитите. На страна на обврските на ОФИ, највисок позитивен придонес кон кварталниот и годишниот раст имаат техничките резерви на осигурување, а позначителен позитивен придонес кон растот има и сопственичкиот капитал.

[4] Должничките хартии од вредност (ДХВ) се однесуваат на хартиите од вредност различни од акции согласно со меѓународната класификација на финансиски инструменти, како што е објавено во билансите и прегледите на останатите финансиски институции.
[5] Техничките резерви на осигурување содржат: нето-капитал на домаќинствата во резерви од животно осигурување, нето-капитал на домаќинствата во пензиските фондови и претплатени премии и резерви наспроти книговодственото побарување (неживотното осигурување).
[6] Капиталните сметки ги опфаќаат: сопственичките вложувања, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и посебната резерва и вредносните приспособувања.







Извор: НБРМ.

## Позначајни движења кај ОФИ, по видови институции

- **Вкупните средства на пензиските фондови** (задолжителни и доброволни), во вториот квартал на 2018 година остварија раст од 6,0%, на квартална основа. Најголем придонес кон кварталниот раст имаат сопственичките хартии од вредност, при помал и речиси идентичен придонес на должничките хартии од вредност и валутите и депозитите. На годишна основа, средствата на пензиските фондови бележат раст од 18,3%, главно како резултат на зголемувањето на вложувањата во сопственички и должнички хартии од вредност, при солиден позитивен придонес и на пласманите во валути и депозити. На страната на обврските, растот на квартална и годишна основа се објаснува со зголемените технички резерви на осигурување и капиталните сметки.




Извор: НБРМ.

- **Вкупните средства на осигурителните друштва**[7]**, во второто тримесечје на 2018 година, остварија квартален раст од 2,8% и годишен раст од 7,4%.** Највисок поединечен придонес кон кварталниот раст имаат останатите побарувања и валутите и депозитите, а кон годишниот раст инвестирањето во државни хартии од вредност и валути и депозити. На страната на обврските, главен носител на кварталниот раст се техничките резерви на осигурување, додека годишниот раст е резултат на техничките резерви на осигурување и на капиталните сметки.




Извор: НБРМ.

- **Вкупните средства на инвестициските фондови**[8]**,** во вториот квартал на 2018 година бележат квартален раст од 4,0% и годишен раст од 21,7%. Остварениот раст на квартална основа главно се должи на зголемувањето на вложувањата во сопственички хартии од вредност и валути и депозити, додека годишниот раст е резултат на вложувањата во сопственички и должнички хартии од вредност, а во помал обем и валути и депозити. На страната на обврските, кварталниот и годишниот раст генерално се сконцентрирани кај капиталните сметки.




Извор: НБРМ.

---

[7] НБРМ тековно ја известуваат сите шеснаесет осигурителни друштва коишто се вклучени во регистарот на Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), од кои единаесет за неживотно осигурување и пет за животно осигурување.
[8] Во регистарот на Комисијата за хартии од вредност (КХВ) на Република Македонија, тековно се опфатени 15 отворени и 6 приватни инвестициски фондови, при што до НБРМ известуваат 20 фондови.

- Вкупните средства на другите ОФИ[9] **во вториот квартал на 2018 година бележат квартален раст од 4,3% и годишен раст од 34,8%[10], одразувајќи ја зголемената кредитна активност**. Кај обврските, растот на квартална основа во најголем дел се должи на зголемените обврски врз основа на кредити, додека годишниот раст е резултат на задолжувањето преку кредити, како и преку останати обврски.



Извор: НБРМ.

[9] Почнувајќи од првиот квартал на 2014 година, вклучени се податоците за новите известувачи – финансиските друштва и друштвата даватели на финансиски лизинг. Во податоците тековно се опфатени деветнаесет финансиски друштва и седум друштва даватели на финансиски лизинг.
[10] Во кв.4 2017 година во сериите на податоци е вклучено ново финансиско друштво (штедилница која се пререгистрира во финансиско друштво), промена која има влијание врз годишните стапки на промена.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Ревизии на податоци**

Заради примена на нова методологија согласно со новиот Прирачник и новото Упатство за монетарна и финансиска статистика на ММФ од 2016 година за ОФИ секторот, направена е ревизија на податоците за кв.1 2018 година (не постои можност да се направи ревизија на временските серии податоци station наназад). Прекинот во серијата соодветно е означен со фуснота. Повеќе може да се види во Информацијата за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки на следниот линк:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Податоците за движењата кај ОФИ во ова соопштение, исто така, содржат редовни ревизии на податоците за периодот октомври 2017 – март 2018 година, поради добивање нови, коригирани информации и податоци од известувачите. Овие ревизии не предизвикаа значителни промени кај претходно објавените податоци и главно произлегуваат од подобрениот опфат и квалитет на известувањата.

**Придружни информации**

Временски серии податоци**:** Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-finansiskite-institucii---kvartalni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_statistika_18_01_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции: 30 ноември 2018 година (референтен пресек заклучно со третиот квартал на 2018 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).